РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISE SE VERIUT
АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ
AGJENCIA PER SHERBIME MEDIATIKE AUDIO DHE AUDIOVIZUELE
СКОПЈЕ - SHKUP

| Примено: Pranuar: | | 29.05.2024 | |
|---|---|---|---|
| Орг. Един. Nj.org. | Број: / Numer: | Прилог: Shtojce: | Вредност: Vlera: |
| 10 | 2550/1 | | |


# ПРЕТСЕДАТЕЛСКИ ИЗБОРИ 2024 ГОДИНА

## *Изборното медиумско претставување во вториот круг од изборната кампања - од 25 април до 6 мај -*

## *Општи методолошки напомени*

Мониторингот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги (АВМУ) за изборното медиумско претставување во вториот круг од Претседателските избори 2024 година, се реализираше врз истите постулати како и првиот круг, поставени во **Методологијата за мониторинг на изборното медиумско претставување преку радио и телевизиските програмски сервиси за време на изборни процеси** и **Упатството за радиодифузерите за Претседателските и за Парламентарните избори 2024 – Пречистен текст од 26.04.2024**[1]**.**

**Примерокот за мониторингот** опфати три програмски сервиса на ЈРС Македонска радиотелевизија: МРТ1, МРТ2 и Собранискиот канал, и 10 програмски сервиси на комерцијални национални телевизии: ТВ Алсат-М; ТВ Алфа; ТВ Канал 5; ТВ Сител; ТВ Телма; ТВ 21-М; ТВ Клан Мацедониа; ТВ Шења; ТВ 24 Вести и ТВ Сонце. За другите програмски сервиси се постапуваше врз основа на претставки[2].

**Предмет на надзорот** беше 24-часовната програма за периодот на дванаесетдневната изборна кампања во вториот круг од Претседателските избори - од 25 април до 6 мај – при што се анализираа облиците на изборно медиумско претставување. Акцент беше ставен на централното дневноинформативно издание (вести или дневник), а од интервјуата и дебатите емитувани во овој период, издвоени беа оние чија основна содржина беа Претседателските и/или Парламентарните избори. Мониторингот го опфати и изборниот молк – на 7 и на 8 мај до 19 часот.

**Принципот на *еднаквост***, според кој се утврдува дали медиумите обезбедиле баланс во известувањето е пропишан во членот 75-а од Изборниот законик (ИЗ). Овој принцип подразбира дека со еднакво време и со еднаков медиумски (ТВ/радио) третман ќе им се приоѓа на изборните активности на кандидатите за претседател на државата што се пласираа во вториот круг од изборите. При извлекувањето на оценките за балансот во известувањето, мониторингот на АВМУ споредбено ги зеде предвид и интензитетот на кампањата на учесниците во изборниот процес, како и совпаѓањето на изборните кампањи за вториот круг од Претседателските избори и за Парламентарните избори.

**Изборното медиумско претставување преку програмските сервиси од Македонската радиотелевизија** е уредено со посебни услови од членот 76-а во Изборниот законик, според кои целото издание на ТВ Дневникот треба да биде поделено на следниов начин: *- 30 отсто време во вестите за активностите на политичките партии од власта; - 30 отсто време за активностите на политичките партии од парламентарната опозиција; – 10 отсто време за активностите на политичките партии без претставник во Собранието и – 30 отсто време за настани од државата и од светот*. И овојпат, како и при претходните изборни процеси, Агенцијата посочува дека, иако Методологијата за мониторингот е адаптирана на овие, законски наметнати услови, тие претставуваат повеќекратно ограничување на новинарската слобода – и при редакцискиот избор релевантни општествено-политички теми и при изборот со кој новинарски жанр тие ќе бидат обмислени – така што, редакцијата на ТВ Дневникот е уредувачки принудена исклучиво да

[1] Обата документи се достапни во посебниот банер насловен „Избори 2024 година“ од официјалната интернет-страница: www.avmu.mk.

[2] Мониторингот ги опфаќа програмските сервиси на телевизиите што го исполнуваат критериумот за дневен досег повисок од 1 отсто - потврден според истражувањето направено од „Маркет Вижн“, за периодот април-јуни 2023 година: Податоци за досегот на радиостаниците и за уделот во вкупната гледаност на ТВ станиците, за периодот април – јуни 2023 година, достапно на: https://shorturl.at/doW16

регистрира, без можност да анализира одредено општествено-политичко случување, ситуација и/или состојба. Истовремено, законската обврска дека во рамките на секоја од трите целини од дневноинформативните емисии (30%+30%+10) времето ќе биде распределено следејќи го принципот на баланс (еднаквост меѓу претседателските кандидати) резултираше токму со суштински дисбаланс – како што е објаснето подолу во наодите од мониторингот.

**<u>Известувањето за изборниот процес во формат пристапен за лицата со сетилна попреченост</u>** е пропишано во член 75 ставови 1 и 4 од ИЗ и операционализирано во Упатството за радиодифузерите за Претседателските и за Парламентарните избори 2024 (Пречистен текст). Според овие одредби, сите телевизии на државно ниво кои објавуваат платено политичко рекламирање имаат обврска да известуваат за изборите така што ќе прилагодат за лицата со попреченост едно издание вести дневно и уште една друга емисија за изборите неделно, користејќи некоја од алатките за пристапност (знаковен јазик, титлови, тонски опис или друго). Сите прилагодени емисии треба да се емитуваат во периодот од 16:00 до 24:00.

**<u>Методот на анализа на содржината</u>**, кој примарно го применува АВМУ во својот организиран мониторинг, адаптиран според горепосочените услови пред сè од ИЗ, овозможува:

1) *- квантификација методолошки селектирани податоци;*
2) *- анализа на жанровското обликување аудиовизуелен материјал; и*
3) *– следење на почитувањето на етичките принципи во работењето на новинарите: плуралитетот општествено-политички опции/ставови во целината на новинарските прилози и конотативноста на новинарскиот прилог/целина од аспект на човековите права и слободи.*

Што се однесува на правилата и принципите при медиумското известување, пропишани со одредби од ИЗ и од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услови (ЗААВМУ), методот за анализа на содржината овозможува увид и во:

*- начинот на известување во вестите за учесниците во изборниот процес;*
*- начинот на известување во вестите за активностите на државните органи, органите на општините и на градот Скопје, на државните институции и организации, како и за правни и други лица на кои со закон им е доверено вршење јавни овластувања;*
*- условите за пристап и третманот на учесниците во изборниот процес во посебните информативни емисии (интервјуа/дебати);*
*- почитување на обврската за известување за изборите во формат пристапен за лицата со сетилна попреченост;*
*- почитувањето на правилата за емитување платено политичко рекламирање и бесплатно политичко претставување;*
*- почитувањето на забраната за емитување реклами финансирани од буџетски средства;*
*- евиденција на законски забранети случаи кога уредници, новинари, водители и презентери во радио и телевизиските програми истовремено учествуваат и во предизборни активности на учесниците во изборниот процес;*
*- почитување на правилата за објавување резултати од испитувања на јавното мислење;*
*- почитување на забраната за поттикнување омраза и нетрпеливост – според ЗААВМУ;*
*- почитување на правилата за изборниот молк.*

# КЛУЧНИ НАОДИ

- ***Претседателските избори во ТВ дневникот/Вестите:***

Сите телевизии од примерокот за мониторинг на медиумското покривање на вториот круг од Претседателските избори, во кој се пласираа проф. д-р Гордана Силјановска – Давкова, кандидатката поддржана од опозициската ВМРО ДПМНЕ и проф. д-р Стево Пендаровски, кандидатот поддржан од владејачкиот СДСМ - известуваа правично, избалансирано и непристрасно, почитувајќи го принципот на еднаквост што е професионална обврска од членот 75 став 1 и од членот 75-а став 1 точка а од Изборниот законик (ИЗ).

Споредбено, во однос на целината на централното издание на дневноинформативната емисија ТВ дневник/Вести - вториот круг од изборниот процес за претседател на државата, главно беше проследен - регистраторски, низ поенти од изборните настапи пред потенцијалните гласачи на проф. д-р Гордана Силјановска-Давкова и на проф. д-р Стево Пендаровски, бележени секојдневно и рамномерно времени најчесто во графички одделен информативен блок. Вкупното времетраење на така одредената инфо-рубрика кај приватните телевизии беше различно од 8 до 24 минути за преостанатите 12 дена изборна кампања од вториот круг. Единствено во дневноинформативната емисија на ТВ Алсат-М беа одвоени околу 44 минути, но и тоа е исклучок произлезен од двете одделни околу 15-минутни интервјуа што со претседателските кандидати ТВ Алсат-М ги реализираше токму во рамките на својот централен ТВ Дневник.

Поради обврската од ИЗ (без увид во функционалната редакциска-новинарска логика на работењето) – вестите кај програмските сервиси на Македонската радиотелевизија, да се поделат во рамномерни процентуални третини – за власта (30%), за опозицијата (30%), за вести од државата и од светот (30%), и 10 отсто инфо-време за вонпарламентарните партии и кандидати, информативната редакција на МРТ2, не успеа да го задоволи принципот на еднаквост при медиумскиот третман на претседателските кандидати - 21 минута и 20 секунди беа отстапени за кампањата на проф. д-р Пендаровски, а – 9 минути и 7 секунди за проф. д-р Силјановска – Давкова. Забелешка за објективните пречки при уредувањето на вестите кај програмските сервиси на МРТ во изборен процес, е истакната и во Извештајот од првиот круг на Претседателските избори.

Во изданијата од ТВ дневникот/Вестите, одредени редакции презентираа и свои, релативно чести прогностички осврти за исходот од вториот изборен круг, засновани пред сè врз статистички показатели за резултатот од првиот круг, но и врз експертски/политолошки анализи за штетноста или за политичката корист од применетата изборна реторика, како и за можните партиско-коалициски калкулации и взаемни условувања со гласачкиот одзив или со бојкотот на завршетокот од изборниот процес.

- ***Интервјуата***

Само редакцијата на ТВ Алсат-М реализираше две одделни интервјуа со двајцата кандидата, вклопени во структурата на информативната целина од централниот ТВ Дневник: на 30 април со проф. д-р Силјановска-Давкова, а на 2 мај со проф. д-р Пендаровски.

На 2 мај, пак, МРТ1 – Првиот програмски сервис на Македонската радиотелевизија, планирал дебата од која се откажал проф. д-р Пендаровски, па направи интервју со проф. д-р Силјановска -Давкова.

- ***Дебатите***

По час и половина, прво ТВ 21-М, на 30 април, а потоа и ТВ Телма на 1 мај и ТВ Канал 5 на 6 мај - успеаја непосредно да ги соочат изборните понуди на проф. д-р Гордана Силјановска-Давкова и на проф. д-р Стево Пендаровски.

- ***<u>Информирање за лицата со сетилна попреченост</u>***

Согласно обврската од членот 75 став 1, а во врска со членот 75 став 4 алинеја 1 од ИЗ, а за Јавниот радиодифузен сервис и член 76-а став 4 од ИЗ, сите национални телевизии беа обврзани, во текот на вториот круг од кампањата за Претседателските избори, да прилагодат за лицата со сетилна попреченост едно издание вести дневно и уште една информативна емисија неделно.

Сите телевизии ја исполнија оваа обврска, користејќи титлување или превод на знаковен јазик, со тоа што ТВ Клан Мацедониа делумно одговори на оваа законска обврска, прилагодувајќи ги само изданијата на ТВ дневникот од 29 април до 6 мај.

За сите медиуми, освен за ТВ 24 Вести, важи забелешката дека треба полето со толкувачот на знаковен јазик да биде со големина што овозможува негова јасна видливост, а при титлувањето, треба да се користи поголем фонт, во контрастна боја во однос на површината на која се емитува, а испишаното да не се меша и преклопува со другата графика на екранот (кајрон, лого, импресум и сл.).

# ЈАВЕН РАДИОДИФУЗЕН СЕРВИС

## Македонска телевизија – Прв програмски сервис (МРТ1)

***<u>Дневноинформативни емисии</u>***

### *Примерок*

**Анализирано издание на дневноинформативна емисија**: *Дневник 2,* од 19:30 часот;
**Број на анализирани изданија**: 12 изданија (од 25 април до 6 мај);
**Вкупно времетраење на анализираните прилози**: 6 часа 7 минути и 20 секунди;
**Најчесто користени жанрови**: вест, вест во низа и извештај.

### *Начин на известување*

Првиот програмски сервис на Македонската телевизија и во вториот круг од Претседателските избори ја задржа структурата од ИЗ што треба да ја спроведува во текот на изборната кампања во дневноинформативните емисии: 30% од времето да емитува информации за дневните настани од државата и од светот; 30% да одвои за активностите на политичките партии на власт; 30% од времето да информира за активностите на опозициските партии, а во преостанатите 10% - за активностите на партиите што не се претставени во Собранието. На тој начин го оствари првиот дел од двостепената постапка за исполнување на балансот во дневноинформативните емисии, утврден во членот 76-а став 2 од ИЗ. И во вториот круг од претседателските избори беа одвоени речиси еднакви времиња за активностите на партиите од власта и за активностите на партиите од собраниската опозиција - 1 час и 45 минути за власта (28.73% од анализираните прилози) и 1 час и 49 минути за опозицијата (29.80% од анализираните прилози). Имајќи предвид дека заедно со вториот круг од Претседателските избори се одвиваше и кампањата за Парламентарните избори, во времето за активностите на партиите од власта (1 час и 45 минути) влегуваат - времето одвоено за изборните промоции на кандидатот за претседател на државата проф. д-р Стево Пендаровски, кој се пласираше во вториот круг, како и времињата за активностите на коалициите учесници на Парламентарните избори – „Европски фронт“, предводена од ДУИ и Европска иднина, предводена од СДСМ.

Времето за активностите на партиите од собраниската опозиција (1 час и 49 минути) го сочинуваат изборните промоции на претендентката за претседателската функција што се пласираше во вториот круг, проф. д-р Гордана Сиљановска-Давкова, како и активностите на коалициите и партиите што учествуваа во трката за Парламентарните избори: Коалицијата „Твоја Македонија“ - ВМРО ДПМНЕ; Коалицијата ВЛЕН/ВРЕДИ, Коалицијата Храбро за Македонија и партијата Левица.

За активностите на вонпарламентарните партии беа одвоени вкупно - 29 минути или 8% од вкупното времетраење на анализираните прилози, исклучиво поврзани со изборните активности на партиите и коалициите што учествуваа на Парламентарните избори: Движењето ЗНАМ – За наша Македонија; Работничка партија; Демократи; политичката партија – Аваја; Нова алтернатива Скопје; Македонска ера трета/Македонски независни листи и партијата Европско граѓанско движење.

Информациите поврзани со настаните од државата и од светот беа застапени со 33,53% од вкупното времетраење на анализираните прилози во централното издание на вестите.

***Табела 1: Застапеност на темите во вестите — Претседателски избори II круг 25.04 – 06.05.2024***

| МРТ 1 | | |
|---|---|---|
| **Тема** | **Траење** | **Процент** |
| Дневни настани од земјата и светот | 02:03:09 | 33.53% |
| Активности за кампањите на политичките партии кои не се во Собранието | 00:29:12 | 7.95% |
| Активности за кампањите на политичките партии на власт | 01:45:31 | 28.73% |
| Активности за кампањите на политичките партии во опозиција | 01:49:28 | 29.80% |
| | **Вкупно анализирано време во вестите = 06:07:20** | **100 %** |

МРТ1 го почитуваше принципот за избалансирано известување утврден во членот 76-а став 3 од ИЗ. Во вториот круг од Претседателските избори, Првиот програмски сервис на Македонската телевизија, во централното дневноинформативно издание на вестите, редовно информираше за активностите на двајцата кандидата за претседател на државата што ја продолжија изборната трка, проф. д-р Стево Пендаровски и проф. д-р Гордана Сиљановска-Давкова. За активностите на проф. д-р. Стево Пендаровски, МРТ1 одвои 14 минути, а за проф. д-р Гордана Сиљановска-Давкова 11 минути. Незначителната разлика во одвоените времиња за двајцата претседателски кандидата се должи на напорите на медиумот да одговори на барањата од ИЗ, 30% да одвои за активностите на политичките партии на власт, 30% од времето да информира за активностите на опозициските партии. Со оглед на тоа дека во исто време се одвиваше и кампањата за Парламентарните избори, медиумот се трудеше да одвои приближно еднакво време на двете посочени временски ограничувања (30% со 30%), а притоа во секоја од нив да не направи дисбаланс во одвоените времиња на политичките субјекти коишто влегуваат во групата политички партии на власт, или во втората група, политички партии во опозиција, ако се има предвид дека во првата група требаше да информира за активностите на двете коалиции и претседателскиот кандидат, а во втората за активностите на четирите политички субјекта и за кандидатката за претседател.

Во дневните настани од државата и од светот, преовладуваа известувањата за: активностите на ДИК поврзани со двојните избори (резултати од првиот круг, упатство за гласање на изборите од 8 мај, дистрибуција на гласачки материјали); поскапувањето на осигурителните полиси при регистрација на возила; за предупредувачкиот штрајк на вработените во ФЗОМ; екстрадицијата на осомничениот за две убиства Љупчо Палевски од Турција; значењето и славењето на Велигденските празници; и за одбележувањето на Светскиот ден на слобода на медиумите.

МРТ1 го почитуваше и правилото од член 76-а став 12 - известувањето за редовните активности на претставници на извршната и на општинските власти не беше во функција на нечија изборна кампања.

***Табела 2: Застапеност на субјекти во вестите – Претседателски избори II круг 25.04 – 06.05.2024***

| МРТ 1 | | | |
|---|---|---|---|
| **Тема** | **Траење** | **Процент** | |
| Активности за кампањите на политичките партии на власт | | | |
| Стево Пендаровски | 00:14:25 | 13.66 | % |
| Коалиција за Европска иднина | 00:38:34 | 36.55 | % |
| Коалиција Европски фронт | 00:52:32 | 49.79 | % |
| | **Вкупно за партии на власт: 01:45:31** | 100 | % |

| | | | |
|---|---|---|---|
| Активности за кампањите на политичките партии во опозиција | | | |
| Коалиција „Твоја Македонија“ ВМРО-ДПМНЕ | 00:17:18 | 15.80 | % |
| Левица | 00:27:23 | 25.02 | % |
| Коалиција ВЛЕН/ВРЕДИ | 00:26:45 | 24.44 | % |
| Коалиција Храбро за Македонија | 00:26:41 | 24.38 | % |
| Гордана Сиљановска-Давкова | 00:11:21 | 10.37 | % |
| **Вкупно за партии во опозиција:** | **01:49:28** | 100 | % |
| Дневни настани од земјата и светот | | | |
| ДИК | 00:12:40 | 10.29 | % |
| Амбасадори/меѓународни организации/странски политичари | 00:04:10 | 3.38 | % |
| Други субјекти | 00:18:04 | 14.67 | % |
| Судство | 00:02:17 | 1.85 | % |
| Јавно обвинителство | 00:01:18 | 1.06 | % |
| Вести од светот | 00:25:28 | 20.68 | % |
| Влада | 00:07:27 | 6.05 | % |
| Органи на државната управа/јавни претпријатија/јавни установи | 00:05:07 | 4.15 | % |
| Граѓани | 00:17:42 | 14.37 | % |
| Експерти/аналитичари | 00:08:39 | 7.02 | % |
| Граѓански сектор | 00:15:42 | 12.75 | % |
| Министри/заменици ВМРО ДПМНЕ | 00:01:51 | 1.50 | % |
| Црна хроника (МВР и др.) | 00:01:02 | 0.84 | % |
| Собрание | 00:01:09 | 0.93 | % |
| Претседател | 00:00:11 | 0.15 | % |
| ВМРО ДПМНЕ | 00:00:11 | 0.15 | % |
| СДСМ | 00:00:11 | 0.15 | % |
| **Вкупно за дневни настани:** | **02:03:09** | **100** | % |
| Активности за кампањите на политичките партии кои не се во Собранието | | | |
| Движење ЗНАМ - За наша Македонија | 00:12:33 | 42.98 | % |
| Нова Алтернатива Скопје | 00:02:49 | 9.65 | % |
| Македонска ера трета/Македонски независни листи | 00:01:24 | 4.79 | % |
| Политичка партија АВАЈА | 00:03:20 | 11.42 | % |
| ДЕМОКРАТИ | 00:03:38 | 12.44 | % |
| Партија Европско граѓанско движење | 00:00:58 | 3.31 | % |
| Работничка партија | 00:04:30 | 15.41 | % |
| **Вкупно за вонпарламентарни партии:** | **00:29:12** | 100 | % |

**Вкупно анализирано време во вестите = 06:07:20**

***<u>Посебни информативни емисии</u>***

***Интервјуа***

МРТ1 во вториот круг од Претседателските избори направи напори да реализира дебатно соочување меѓу двајцата кандидата за претседателската функција, но проф. д-р Стево Пендаровски го откажал учеството во дебатата. Поради згусната агенда, не прифатил покана и за интервју. Од тие причини, во рамки на емисијата „Избори 2024", беше емитувано само интервју со проф. д-р Гордана Сиљановска-Давкова.

***Табела 3: Интервјуа на МРТ1***
(премиерно емитувани)

| МРТ 1 | | | |
|---|---|---|---|
| **Датум** | **Соговорник** | **Теми** | **Наслов на емисија** |
| **02.05.** | проф. д-р Гордана Сиљановска – Давкова кандидатка за претседател поддржана од ВМРО ДПМНЕ | - конфронтација или поддршка од другите опозициски претседателски кандидати и партии;<br>- цензусот за претседателските избори;<br>- уставните измени;<br>- став за осудените од настаните на „27 април 2017 г.";<br>- идните односи на релација претседател-влада; | **Избори 2024** |

***Други информативни емисии***

Во две од магазинските изданија на информативната емисија 360 Степени, беа емитувани три стории поврзани со првиот круг од Претседателските избори: за атмосферата пред затворањето на гласачките места и по сознанијата за првичните резултати во изборните штабови на претседателските кандидати поддржани од четирите големи коалиции („Твоја Македонија" - предводена од ВМРО ДПМНЕ, Коалиција за Европска иднина - предводена од СДСМ, Коалиција „Европски фронт" - предводена од ДУИ и Коалицијата ВЛЕН/ВРЕДИ); Општина Центар Жупа – со најнизок, и Општина Новаци – со највисок одзив гласачи на првиот круг од Претседателските избори.

## Македонска телевизија – Втор програмски сервис (МРТ2)

***<u>Дневноинформативни емисии</u>***

***Примерок***

**Анализирано издание на дневноинформативна емисија**: *Дневник* од 18:30 часот;
**Број на анализирани изданија**: 12 изданија (од 25 април до 6 мај);
**Вкупно времетраење на анализираните прилози**: 5 часа 57 минути и 33 секунди;
**Најчесто користени жанрови**: вест, вест во низа и извештај.

## ***Начин на известување***

Поради законската обврска – целината на централното издание на ТВ дневникот да се подели во рамномерни процентуални третини – за власта (30%), за опозицијата (30%), за вести од државата и од светот (30%), и 10% инфо-време за вонпарламентарната опозиција - од уредувачкиот пристап на информативната редакција на МРТ2 - Вториот програмски сервис на Македонската радиотелевизија, принудно произлезе видлива отстапка од законскиот - **принцип на еднаквост** - во дневноинформативниот третман на изборните активности на обајцата претендента за претседател/ка на државата: **- 21 минута и 20 секунди** беа отстапени за кампањата на проф. д-р Стево Пендаровски, кандидатот на владејачката СДСМ, а – **9 минути и 7 секунди** за проф. д-р Гордана Сиљановска – Давкова, кандидатката на опозициската ВМРО ДПМНЕ.

Причините се следниве: Ако се погледне детално содржината на прилозите што влегле во третината (30%) за парламентарната опозиција (**вкупно – 1 час 47 минути 7 секунди**), ќе се види дека покрај времето отстапено за проф. д-р Сиљановска-Давкова, во пресметката морале да влезат и прилози за коалициите:

1) „Твоја Македонија“ (ВМРО ДПМНЕ);
2) ВЛЕН/ВРЕДИ;
3) Храбро за Македонија(ГРОМ), и за
4) партијата Левица.

Од друга страна, пак, во третината (30%) за власта (**вкупно – 1 час 52 минути**), покрај прилозите за кампањата на проф. д-р Пендаровски, во пресметката законски задолжително влегле и прилози за кампањата на коалициите:

1) Европска иднина (СДСМ)
2) „Европски фронт“ (ДУИ).

Значи, споредбено – „информативните третини“ – за опозицијата и за власта - се безмалку со исто времетраење, а нужна разлика има во времето отстапено за двајцата претседателски кандидата.

***Табела 4: Застапеност на темите во вестите — Претседателски избори II круг 25.04 – 06.05.2024***

| МРТ 2 | | |
|---|---|---|
| **Тема** | **Траење** | **Процент** |
| Дневни настани од земјата и светот | 02:02:02 | 34.13 % |
| Активности за кампањите на политичките партии што не се во Собранието | 00:16:25 | 4.59 % |
| Активности за кампањите на политичките партии на власт | 01:51:59 | 31.32 % |
| Активности за кампањите на политичките партии во опозиција | 01:47:07 | 29.96 % |
| | **Вкупно анализирано време во вестите = 05:57:33** | **100 %** |

Описно, пак, поради оваа изборна математика пропишана со членот 76-а од ИЗ, разликата меѓу дневноинформативната застапеност на претседателските кандидати е настаната од изнудена нерамномерна уредувачка поделба на релативно екстензивни новинарски прилози со кои секојдневно се известуваше за изборниот карван на Коалицијата предводена од СДСМ – Европска иднина, при што – вкупното време за еден дневен прилог за овие настани беше делен на три дела – 1) прв дел за

презентирање - *новинарски прекажани и оригинални изјави* - поенти од изборниот настап на проф. д-р Пендаровски; 2) втор дел за изборните поенти од организираните настапи/митинзите на Коалицијата за Европска иднина; и 3) трет дел, пак, за најави претстојни изборни активности на проф. д-р Пендаровски и за Коалицијата. Уредувачки така се поделени и новинарските прилози за активностите на изборниот коалициски карван под мотото „Твоја Македонија" предводен од ВМРО ДПМНЕ, во кој свој репрезентативен удел имаше и кандидатката проф. д-р Сиљановска-Давкова, но при тоа, во соодност на горeприкажаната триделна поделба, недостасува - „третиот дел" - со најава за агендата на нејзиниот изборен настап пред потенцијалните гласачи. Во спротивно, пак – секое придодавање или одземање информативна минутажа за кандидатката, всушност би се одразило на информативната сметка за другите субјекти во третината каде што таа е застапена. Ова пак, би резултирало со непочитување на член 76-а став 2 од ИЗ.

***Табела 5: Застапеност на субјекти во вестите – Претседателски избори II круг 25.04 – 06.05.2024***

| МРТ 2 | | | |
|---|---|---|---|
| **Тема** | **Траење** | **Процент** | |
| Активности за кампањите на политичките партии на власт | | | |
| Стево Пендаровски | 00:21:19 | 19.04 | % |
| Коалиција за Европска иднина | 00:34:43 | 31.00 | % |
| Коалиција Европски фронт | 00:55:57 | 49.96 | % |
| **Вкупно за партии на власт:** | **01:51:59** | 100 | % |
| Активности за кампањите на политичките партии во опозиција | | | |
| Коалиција „Твоја Македонија" ВМРО-ДПМНЕ | 00:18:04 | 16.87 | % |
| Гордана Сиљановска-Давкова | 00:09:07 | 8.51 | % |
| Левица | 00:26:32 | 24.77 | % |
| Коалиција Храбро за Македонија | 00:26:35 | 24.82 | % |
| Коалиција ВЛЕН/ВРЕДИ | 00:26:49 | 25.04 | % |
| **Вкупно за партии во опозиција:** | **01:47:07** | 100 | % |
| Дневни настани од земјата и светот | | | |
| ДИК | 00:18:30 | 15.16 | % |
| Амбасадори/меѓународни организации/странски политичари | 00:04:33 | 3.73 | % |
| Јавно обвинителство | 00:01:00 | 0.82 | % |
| Судство | 00:01:01 | 0.83 | % |
| Други субјекти | 00:20:49 | 17.06 | % |
| Влада | 00:09:18 | 7.62 | % |
| Органи на државната управа/јавни претпријатија/јавни установи | 00:07:40 | 6.28 | % |
| Вести од светот | 00:38:31 | 31.56 | % |
| Граѓански сектор | 00:11:49 | 9.68 | % |
| Експерти/аналитичари | 00:08:03 | 6.60 | % |
| Црна хроника (МВР и др.) | 00:00:48 | 0.66 | % |
| **Вкупно за дневни настани:** | **02:02:02** | **100** | **%** |
| Активности за кампањите на политичките партии кои не се во Собранието | | | |
| Политичка партија АВАЈА | 00:01:47 | 10.86 | % |
| Движење ЗНАМ - За наша Македонија | 00:06:21 | 38.68 | % |

| | | | |
|---|---|---|---|
| ДЕМОКРАТИ | 00:02:33 | 15.53 | % |
| Македонска ера трета/Македонски независни листи | 00:00:45 | 4.57 | % |
| Нова Алтернатива Скопје | 00:01:09 | 7.01 | % |
| Партија Европско граѓанско движење | 00:02:29 | 15.13 | % |
| Работничка партија | 00:01:21 | 8.22 | % |
| **Вкупно за вонпарламентарни партии:** | **00:16:25** | 100 | % |
| **Вкупно =** | **05:57:33** | | |

***Посебни информативни емисии***

Во анализираниот период за вториот круг од Претседателските избори – од 25 април до 6 мај - МРТ2 не емитуваше ни интервју ни дебата меѓу проф. д-р Гордана Сиљановска-Давкова и проф. д-р Стево Пендаровски.

## Собраниски канал

***Бесплатно политичко претставување***

Според членот 76-а став 8 од ИЗ, програмскиот сервис наменет за активностите на Собранието има обврска за време на изборната кампања да обезбеди бесплатно политичко претставување (БПП) и тоа по три часа на кампањите на политичките партии застапени во Собранието, и еден час за кампањите за подносителите на листи што не се застапени во Собранието.

Минимално, во периодот на вториот круг од кампањата за избор на претседател на државата - од 25 април до 6 мај, своето право за БПП го искористија обајцата кандидата: проф. д-р Гордана Сиљановска-Давкова, секојдневно со по близу 12 минути со варијанти од снимени изборни спотови, а проф. д-р Стево Пендаровски на ист начин, секојдневно со снимен изборен материјал од близу 2 минути.

# ТЕРЕСТРИЈАЛНИ ПРИВАТНИ ТЕЛЕВИЗИИ

## ТВ АЛСАТ-М

### *Дневноинформативни емисии*

***Примерок***

**Анализирано издание на дневноинформативна емисија**: *Дневник на албански јазик* од 19:00 часот;
**Број на анализирани изданија**: 12 изданија (од 25 април до 6 мај)
**Вкупно времетраење на анализираните прилози**: 5 часа 7 минути и 43 секунди;
**Најчесто користени жанрови**: вест, вест во низа, извештај и осврт.

### *Начин на известување*

На 30 април, прво со проф. д-р Гордана Сиљановска-Давкова, кандидатката на опозициската ВМРО ДПМНЕ за претседателка на државата, а потоа и на 2 мај со проф. д-р Стево Пендаровски, кандидатот на владејачкиот СДСМ – информативната редакција што го подготвува централниот Дневник од 19 часот направи две 15-минутни интервјуа со претендентите за шеф на државата. Тематскиот опфат се движеше низ реалните ингеренции на оваа политичка функција, за кои, впрочем обајцата кандидата и секојдневно на организиран настап пред гласачите ги презентираа поентите од своите изборни платформи и концепти: - билатералните и меѓународните односи/состојбата на македонската дипломатија; бугарските условувања за промена на македонскиот Устав и ЕУ-интеграциите; реформите во судскиот систем; амнестијата политички затвореници; соочувања со партиските/коалициските калкулации за бојкот на вториот изборен круг; штетноста, односно вулгарниот прагматизам на оцрнувачката изборна реторика. ТВ Алсат-М во Дневникот од 19 часот, направи и аналитички пресек на изборниот исход по првиот круг за претседателските избори, главно преку изјавите што ги дадоа лидерите на политичките партии/коалиции – учесници на изборот за новиот парламентарен состав.

***Табела 6: Застапеност на субјекти во вестите – Претседателски избори II круг 25.04 – 06.05.2024***

| ТВ Алсат-М | |
|---|---|
| **Субјект** | **Траење** |
| Стево Пендаровски | 00:22:59 |
| Гордана Сиљановска-Давкова | 00:21:48 |
| **Вкупно време за Претседателски избори:** | **00:44:47** |

**Вкупно анализирано време во вестите = 05:07:43**

***Посебни информативни емисии***

ТВ Алсат – М емитуваше по едно интервју со обајцата претседателски кандидата, реализирани во рамките на централното дневноинформативно издание.

***Интервјуа***

***Табела 7: Интервјуа во Вестите на албански јазик***
(премиерно емитувани)

| ТВ АЛСАТ-М | | | |
|---|---|---|---|
| **Датум** | **Соговорник/соговорници** | **Теми** | **Наслов на емисија** |
| **30.04.** | проф. д-р Гордана Сиљановска -Давкова; | - причините за убедливата победа на проф. д-р Сиљановска-Давкова;<br>- причините за поразот на политиките на владејачката СДСМ;<br>- сценарија за бојкот и/или за прелевање гласови во вториот изборен круг;<br>- оценка за својот изборен резултат од првиот круг на Претседателските избори;<br>- менувањето на македонскиот Устав и бугарското вето за ЕУ-ингеренциите;<br>- реформи на судскиот систем;<br>- „црната кампања“ и „национализмот“ во изборната реторика. | **ТВ Дневник од 19 часот** |
| **02.05.** | проф. д-р Стево Пендаровски; | | |

# ТВ АЛФА

***Дневноинформативни емисии***

***Примерок***

**Анализирано издание на дневноинформативна емисија**: *Дневник* од 17:30 часот;
**Број на анализирани изданија**: 12 изданија (од 25 април до 6 мај);
**Вкупно времетраење на анализираните прилози**: 6 часа 10 минути и 20 секунди;
**Најчесто користени жанрови**: вест/во низа, извештај, осврт/коментар;

***Начин на известување***

Во однос на изборните активности од завршната кампања на проф. д-р Гордана Сиљановска - Давкова и на проф. д-р Стево Пендаровски, кои се пласираа во вториот изборен круг за претседател на државата, ТВ Алфа во централното издание на Дневникот од 17:30 часот, во периодот од 25 април до 6 мај имаше рамномерен пристап, без новинарски/уредувачки интервенции претставувајќи исклучиво избрани поенти од нивните програмски концепти за обраќања пред потенцијалните гласачи низ целата држава.

За поширока аналитичка перспектива на вториот круг од Претседателските избори, ТВ Алфа покрај постизборните изјави на сите седуммина кандидата за претседател на државата, во своите новинарски осврти вклучи и политолошки и комуниколошки гледишта на експерти од граѓанскиот

сектор или од областа на испитувањето на јавното мислење, правејќи на тој начин и рекапитулација на очекувањата за изборниот исход и прогноза за влијанието на резултатот од првиот изборен круг врз односот на гласачкото тело кон партиската понуда за Парламентарните избори. Претседателските избори беа тема и за коментарите на Коле Чашуле, авторот на неделниот информативен магазин Седмица, и на Богдан Илиевски, авторот на Вечерното шоу, емитувано во двата викенда од периодот на двата изборни процеса.

***Табела 8: Застапеност на субјекти во вестите – Претседателски избори II круг 25.04 – 06.05.2024***

| ТВ Алфа | |
|---|---|
| **Субјект** | **Траење** |
| Стево Пендаровски | 00:05:50 |
| Гордана Сиљановска-Давкова | 00:05:56 |
| **Вкупно време за Претседателски избори:** | **00:11:46** |
| | **Вкупно анализирано време во вестите = 06:10:20** |

***<u>Посебни информативни емисии</u>***

***Интервјуа***

По победата во првиот изборен круг, редакцијата на актуелно-информативната емисија Заспиј ако можеш направи интервју со проф. д-р Гордана Сиљановска – Давкова, поддржана од опозициската партија ВМРО ДПМНЕ, предводникот на Коалицијата „Твоја Македонија“ во процесот за Парламентарните избори. Водителите на емисијата споменаа дека изданието од 25 април требало да се одвива како дебатно соочување, но на поканата не одговорил противкандидатот проф. д-р Стево Пендаровски, поддржан од владејачкиот Социјалдемократски сојуз на Македонија, предводникот на Коалицијата за Европска иднина за Парламентарните избори.

***Табела 9: Интервјуа на ТВ Алфа***
(премиерно емитувани)

| ТВ АЛФА | | | |
|---|---|---|---|
| **Датум** | **Соговорник/соговорници** | **Теми** | **Наслов на емисија** |
| **25.04.** | проф. д-р Гордана Сиљановска – Давкова, кандидатка за претседател, поддржана од ВМРО ДПМНЕ;<br><br>***<u>Белешка</u>***: на крајот на емисијата е споменато дека за интервју е поканет и проф. д-р Стево Пендаровски. | - рекапитулација на првиот круг од Претседателските избори;<br>- политички причини за победа со големата разлика гласови;<br>- патриотизмот/национализмот во кампањата;<br>- примери за изборна „црна кампања“;<br>- професионалното професорско-правничко искуство;<br>- ингеренциите на претседателот на државата. | **Заспиј ако можеш** |

# ТВ Канал 5

## ***<u>Дневноинформативни емисии</u>***

### *Примерок*

**Анализирано издание на дневноинформативна емисија**: *Вести во 18*;
**Број на анализирани изданија**: 12 изданија (од 25 април до 6 мај);
**Вкупно времетраење на анализираните прилози**: 4 часа 48 минути и 15 секунди;
**Најчесто користени жанрови**: вест, вест во низа и извештај.

### ***<u>Начин на известување</u>***

Со почетокот на изборната кампања за вториот круг од Претседателските избори, во Вестите во 18 часот се известуваше за резултатите од првиот круг од Претседателските избори преку изјави на кандидатите за претседател и изјави од раководствата на партиите. За активностите на двајцата кандидата за претседател, проф. д-р Стево Пендаровски и проф. д-р Гордана Сиљановска-Давкова, во вториот круг поретко се информираше во посебно воспоставената, збирна рубрика „Изборна хроника 2024“, а кусото новинарско известување во вестите произлезе главно од нивните средби со граѓани и од настапот на митинзите на коалициите што им ги поддржаа кандидатурите. Проследени беа и активностите на ДИК и на набљудувачката мисија на ОБСЕ/ОДИХР, потоа оценките на политичките аналитичари за резултатот од првиот изборен круг и за текот на претседателската кампања, како и анкета со граѓани за очекувањата од завршетокот на изборниот процес.

***Табела 10: Застапеност на субјекти во вестите – Претседателски избори II круг 25.04 – 06.05.2024***

| ТВ Канал 5 | | |
|---|---|---|
| **Субјект** | | **Траење** |
| Стево Пендаровски | | 00:07:42 |
| Гордана Сиљановска-Давкова | | 00:07:28 |
| | **Вкупно време за Претседателски избори:** | **00:15:10** |
| | **Вкупно анализирано време во вестите = 04:48:15** | |

## ***<u>Посебни информативни емисии</u>***

### ***Дебати***

На 6 мај, последниот ден од изборната кампања, во емисијата Само Вистина се одржа т.н. „Претседателски дуел за Македонија“, меѓу проф. д-р Стево Пендаровски и проф. д-р Гордана Сиљановска - Давкова, двајцата кандидата за претседател што се пласираа во вториот изборен круг. ТВ соочувањето беше поделено во два дела, а беа опфатени следниве теми: - анализа на исходот од првиот и очекувањата од вториот изборен круг, со потпрашање – дали е можен резултатски пресврт; - меѓународните односи на Македонија; - предизборни тензии или најава за постизборна бура; - состојбата со евроинтеграциите; - уставни измени или нов пристап; - Договорот со Бугарија –

почитување или ревизија; - Преспанскиот договор – употреба на уставното име на државата и членството во НАТО; - инцидентите од „27 април“: помилување и/или помирување; - процедурата за доделување на претседателскиот мандат.

***Табела 11: Дебатни емисии на ТВ Канал 5***
(премиерно емитувани)

| Канал 5 | | |
|---|---|---|
| **Датум** | **Соговорник/соговорници** | **Наслов на емисија** |
| **06.05.** | 1. проф. д-р Стево Пендаровски, претседателски кандидат поддржан од СДСМ;<br>2. проф. д-р Гордана Сиљановска-Давкова, кандидатка за претседател поддржана од ВМРО-ДПМНЕ. | **Само Вистина – „Претседателски дуел за Македонија“** |

## ТВ СИТЕЛ

***Дневноинформативни емисии***

***Примерок***

**Анализирано издание на дневноинформативна емисија**: *Дневник* од 19 часот;
**Број на анализирани изданија**: 12 изданија (од 25 април до 6 мај);
**Вкупно времетраење на анализираните прилози**: 6 часа 52 минути и 51 секунда;
**Најчесто користени жанрови**: вест, извештај.

***Начин на известување***

Од вкупно 6 часа 52 минути и 51 секунда, новинарски прилози на изборни и на актуелни општествено-политички теми во периодот - од 25 април до 6 мај, обележан со контекстот на двојниот изборен процес за претседател на државата и за новиот состав на македонското Собрание, информативната редакција на ТВ Сител отстапи само нешто помалку од 9 минути, рамномерно распоредени за продолжените изборни активности на проф. д-р Гордана Сиљановска - Давкова, поддржана од опозициската ВМРО ДПМНЕ и на проф. д-р Стево Пендаровски, поддржан од владејачкиот СДСМ.

***Табела 12: Застапеност на субјекти во вестите – Претседателски избори II круг 25.04 – 06.05.2024***

| ТВ Сител | |
|---|---|
| **Субјект** | **Траење** |
| Стево Пендаровски | 00:04:49 |
| Гордана Сиљановска-Давкова | 00:03:57 |
| **Вкупно време за Претседателски избори:** | **00:08:46** |
| | **Вкупно анализирано време во вестите = 06:52:51** |

***<u>Посебни информативни емисии</u>***

ТВ Сител не емитуваше ни интервјуа ни дебати со кандидатите што влегоа во вториот круг за Претседателските избори.

## ТВ ТЕЛМА

***<u>Дневноинформативни емисии</u>***

***Примерок***

**Анализирано издание на дневноинформативна емисија**: *Вести* од 21:30 часот;
**Број на анализирани изданија**: 12 изданија (од 25 април до 6 мај);
**Вкупно времетраење на анализираните прилози**: 4 часа 40 минути и 29 секунди;
**Најчесто користени жанрови**: вест/во низа, извештај;

***<u>Начин на известување</u>***

Освен куси прилози за официјалните изборни резултати од првиот круг за Претседателските избори соопштени од Државната изборна комисија, како и за оценките на домашните и на странските набљудувачи на изборниот процес, ТВ Телма стриктно за вториот изборен круг, во кој се соочија проф. д-р Гордана Сиљановска - Давкова и проф. д-р Стево Пендаровски, во централниот дневник од 21:30 часот одвои само 17 информативни минути, рамномерно поделени за клучните изборни изјави на двајцата кандидата.

***Табела 13: Застапеност на субјекти во вестите – Претседателски избори II круг 25.04 – 06.05.2024***

| ТВ Телма | |
|---|---|
| **Субјект** | **Траење** |
| Стево Пендаровски | 00:09:28 |
| Гордана Сиљановска-Давкова | 00:07:51 |
| **Вкупно време за Претседателски избори:** | **00:17:19** |
| **Вкупно анализирано време во вестите = 04:40:29** | |

***<u>Посебни информативни емисии</u>***

***Дебати***

Под јасно определени, еднакви медиумски услови и дебатни правила, на најважните теми од делокругот на функцијата – претседател на државата – ТВ Телма, на 1 мај, ги соочи проф. д-р Гордана Сиљановска-Давкова и проф. д-р Стево Пендаровски.

***Табела 14: Дебатни емисии на ТВ Телма***
(премиерно емитувани)

| ТВ ТЕЛМА | | | |
|---|---|---|---|
| **Датум** | **Соговорник/соговорници** | **Теми** | **Наслов на емисија** |
| **01.05.** | 1. проф. д-р Гордана Силјановска – Давкова, кандидатка за претседател, поддржана од ВМРО ДПМНЕ;<br><br>2. проф. д-р Стево Пендаровски, претседателски кандидат поддржан од СДСМ. | - од кого очекуваат поддршка во вториот изборен круг;<br>- рекапитулација на првиот круг од Претседателските избори;<br>- донациите во кампањата и локациите за изборните билборди;<br>- политички причини за победа со големата разлика гласови;<br>- патриотизмот/национализмот во кампањата/меѓународните позиции на Македонија;<br>- „Копенхагенски критериуми“;<br>- (не)можноста за промена на Уставот – преговарачката рамка со ЕУ;<br>- однос кон т.н. „Хашки случаи“;<br>- примери за изборна „црна кампања“;<br>- професионалното професорско-правничко искуство;<br>- ингеренциите на претседателот на државата. | **Претседателска дебата**<br><br>**„Избори 2024“** |

# САТЕЛИТСКА ПРИВАТНА ТЕЛЕВИЗИЈА

## ТВ 24 Вести

***<u>Дневноинформативни емисии</u>***

***Примерок***

**Анализирано издание на дневноинформативна емисија**: *Дневник* од 20 часот;
**Број на анализирани изданија**: 12 изданија (од 25 април до 6 мај);
**Вкупно времетраење на анализираните прилози**: 3 часа 2 минути и 54 секунди;
**Најчесто користени жанрови**: извештај, вест;

***<u>Начин на известување</u>***

Покрај новинарските извештаи со изјави на двајцата кандидата што изборија место во вториот изборен круг – проф. д-р Гордана Сиљановска - Давкова, поддржана од опозициската ВМРО ДПМНЕ и проф. д-р Стево Пендаровски, поддржан од владејачкиот СДСМ - ТВ 24 Вести кусо се осврна и на ефектите од резултатот по првиот претседателски изборен круг врз партиските комбинации за можните коалиции околу новата извршна власт.

***Табела 15: Застапеност на субјекти во вестите – Претседателски избори II круг 25.04 – 06.05.2024***

| ТВ 24 Вести | |
|---|---|
| **Субјект** | **Траење** |
| Стево Пендаровски | 00:07:15 |
| Гордана Сиљановска-Давкова | 00:07:30 |
| **Вкупно време за Претседателски избори:** | **00:14:45** |
| **Вкупно анализирано време во вестите = 03:02:54** | |

***<u>Посебни информативни емисии</u>***

Информативната редакција на ТВ 24 Вести не емитуваше ни интервјуа ни дебати со претседателските кандидати што останаа во изборната трка за вториот изборен круг од 25 април до 6 мај 2024 година.

# ПРИВАТНИ КАБЕЛСКИ ТЕЛЕВИЗИИ

## ТВ СОНЦЕ

### ***Дневноинформативни емисии***

***Примерок***

**Анализирано издание на дневноинформативна емисија**: *Дневник* од 22 часот;
**Број на анализирани изданија**: 12 изданија (од 25 април до 6 мај);
**Вкупно времетраење на анализираните прилози**: 2 часа 4 минути и 34 секунди;
**Најчесто користени жанрови**: соопштение, вест/во низа, извештај.

***Начин на известување***

Од вкупното време – 2 часа 4 минути и 34 секунди - анализирани новинарски вести и извештаи за изборниот процес на вториот круг за Претседателските избори што се одвиваше во периодот од 25 април до 6 мај, само близу 11 минути беа рамномерно поделени меѓу кандидатите – проф. д-р Гордана Сиљановска-Давкова и проф. д-р Стево Пендаровски, а без какви било новинарски интервенции прикажани се поенти извлечени од нивните обраќања до потенцијалните гласачи.

***Табела 16: Застапеност на субјекти во вестите – Претседателски избори II круг 25.04 – 06.05.2024***

| ТВ Сонце | | |
|---|---|---|
| **Субјект** | | **Траење** |
| Стево Пендаровски | | 00:05:53 |
| Гордана Сиљановска-Давкова | | 00:04:52 |
| | **Вкупно време за Претседателски избори:** | **00:10:45** |
| | | **Вкупно анализирано време во вестите = 02:04:34** |

### ***Посебни информативни емисии***

Во периодот опфатен со анализата, на програмскиот сервис на ТВ Сонце не се евидентирани ни дебати ни интервјуа меѓу двајцата кандидата што се пласираа во вториот круг за избор на претседател на државата.

## ТВ КЛАН МАЦЕДОНИА

***<u>Дневноинформативни емисии</u>***

***Примерок***

**Анализирано издание на дневноинформативна емисија**: *Дневник,* 18:30 часот;
**Број на анализирани изданија**: 12 изданија (од 25 април до 6 мај);
**Вкупно времетраење на анализираните прилози**: 3 часа 6 минути и 32 секунди;
**Најчесто користени жанрови**: вест, вест во низа и извештај.

***<u>Начин на известување</u>***

Телевизија Клан Мацедониа, во изданијата на централната дневноинформативна емисија од 18:30 часот, во текот на вториот круг од Претседателските избори - од 25 април до 6 мај - преку новинарски извештаи ја следеше изборната кампања на двајцата претседателски кандидата што влегоа во вториот изборен круг: проф. д-р Гордана Сиљановска - Давкова, поддржана од опозициската ВМРО ДПМНЕ, и проф. д-р Стево Пендаровски, поддржан од владејачкиот СДСМ. Притоа, со безмалку идентични времиња и еднаков медиумски третман - низ снимки од изборни настапи и низ директни обраќања до гласачите, ги следеше нивните секојдневни изборни активности. Од вкупното анализирано време за изданијата на ТВ Дневникот од 18:30 часот, собрано за 12 дена кампања за вториот изборен круг, информативната редакција издвои - 9 минути и 9 секунди за проф. д-р Пендаровски и 9 минути и 29 секунди за проф. д-р Сиљановска-Давкова.

***Табела 17: Застапеност на субјекти во вестите – Претседателски избори II круг25.04 – 06.05.2024***

| ТВ Клан Мацедониа | |
|---|---|
| **Субјект** | **Траење** |
| Стево Пендаровски | 00:09:09 |
| Гордана Сиљановска-Давкова | 00:09:29 |
| **Вкупно време за Претседателски избори:** | **00:18:38** |
| **Вкупно анализирано време во вестите = 03:06:32** | |

***<u>Посебни информативни емисии</u>:***

Во анализираниот период за вториот круг од Претседателските избори – од 25 април до 6 мај - ТВ Клан Мацедониа не емитуваше ни интервју ни дебата меѓу проф. д-р Гордана Сиљановска-Давкова и проф. д-р Стево Пендаровски.

# ТВ 21- М

## ***Дневноинформативни емисии***

### *Примерок*

**Анализирано издание на дневноинформативна емисија**: *Дневник 2,* од 18:30 часот;
**Број на анализирани изданија**: 12 изданија (од 25 април до 6 мај);
**Вкупно времетраење на анализираните прилози**: 3 часа 53 минути и 6 секунди;
**Најчесто користени жанрови**: вест, вест во низа.

### ***Начин на известување***

Кампањата на проф. д-р Гордана Сиљановска-Давкова и на проф. д-р Стево Пендаровски, ривалите од вториот круг за изборот на претседател на државата, ТВ 21-М во периодот од 25 април до 6 мај продолжи да ја следи во анализираното издание на вториот Дневник од 18:30 часот, а тоа го правеше преку новинарски вести во кои беа презентирани најважните точки од политичките концепти осмислени како изборна понуда. На овој начин, за оваа изборна трка беа издвоени околу 16 информативни минути, рамномерно поделени меѓу двајцата кандидата.

На исходот од првиот изборен круг, ТВ 21-М се осврна и преку изјавите на лидерите на коалициите што учествуваа во процесот за Парламентарните избори, посебно нагласувајќи го ривалството меѓу Коалицијата „Твоја Македонија", на чело со ВМРО ДПМНЕ и Европска иднина на чело со СДСМ, односно она меѓу Коалицијата „Европски фронт" на ДУИ и опозициската Коалиција ВЛЕН/ВРЕДИ. Во тие релации, основна тема за (пост)изборните калкулации и шпекулации беше можното бојкотирање на вториот круг од Претседателските избори, како своевидно условување на комбинациите за формирање т.н. „стабилно коалицирање" околу идната извршна власт.

***Табела 18: Застапеност на субјекти во вестите – Претседателски избори II круг 25.04 – 06.05.2024***

| ТВ 21-М | |
|---|---|
| **Субјект** | **Траење** |
| Стево Пендаровски | 00:07:29 |
| Гордана Силјановска-Давкова | 00:07:53 |
| **Вкупно време за Претседателски избори:** | **00:15:22** |
| | **Вкупно анализирано време во вестите = 03:52:16** |

## ***Посебни информативни емисии***

### *Дебати*

На 30 април, информативната редакција на актуелно-информативната емисија Клик плус организираше дебата меѓу ривалите за претседателската функција – проф. д-р Сиљановска-Давкова и проф. д-р Стево Пендаровски. Во табелата подолу се дадени и основните теми на кои се соочија:

***Табела 19: Дебатни емисии на ТВ 21-М***
(премиерно емитувани)

| ТВ 21-М | | | |
|---|---|---|---|
| **Датум** | **Соговорник/соговорници** | **Теми** | **Наслов на емисија** |
| **30.04.** | 1. проф. д-р Гордана Сиљановска – Давкова, кандидатка за претседател, поддржана од ВМРО ДПМНЕ;<br><br>2. проф. д-р Стево Пендаровски, претседателски кандидат поддржан од СДСМ. | - влијанието на резултатот од првиот изборен круг врз Парламентарните избори;<br>- очекувања за одзивот/бојкотот на гласачите;<br>- (не)можноста за промена на Уставот – преговарачката рамка со ЕУ;<br>- нужни промени во судскиот систем и справување со корупцијата;<br>- состојбата со македонската дипломатија; | **Претседателска дебата**<br><br>***„Избори 2024“*** |

# ТВ ШЕЊА

***<u>Дневноинформативни емисии</u>***

***Примерок***

**Анализирано издание на дневноинформативна емисија**: *Дневник 2,* од 18:30 часот;
**Број на анализирани изданија**: 12 изданија (од 25 април до 6 мај);
**Вкупно времетраење на анализираните прилози**: 4 часа 17 минути и 12 секунди;
**Најчесто користени жанрови**: вест, вест во низа.

Низ вестите со кои се сумираа официјалните резултати соопштени од ДИК за првиот круг од Претседателските избори, како и низ вестите во кои контекстуално, постизборно се презентираа гледиштата на лидерите на изборните коалиции формирани за процесот на Парламентарните избори, ТВ Шења во изданија на централниот Дневник од 18:30 часот го продолжи избалансираното медиумско известување за кампањските активности на проф. д-р Сиљановска-Давкова, поддржана од опозициската ВМРО ДПМНЕ и на проф. д-р Стево Пендаровски, поддржан од владејачкиот СДСМ. Во прилозите за преглед на дневните промоциски активности пред гласачите од Републиката, ТВ Шења презентираше поенти од настапот на двата ривала за иден шеф на државата.

Меѓу позабележителните содржини поврзани со изборниот процес за претседател, мониторингот ги бележи анализата за донациите во кампањата и првичните оценки на набљудувачката мисија на ОБСЕ-ОДИХР.

***Табела 20: Застапеност на субјекти во вестите – Претседателски избори II круг 25.04 – 06.05.2024***

| ТВ Шења | |
|---|---|
| **Субјект** | **Траење** |
| Стево Пендаровски | 00:11:58 |
| Гордана Сиљановска-Давкова | 00:13:07 |
| **Вкупно време за Претседателски избори:** | 00:25:05 |

**Вкупно анализирано време во вестите = 04:17:12**

***<u>Посебни информативни емисии</u>***

Во анализираниот период од 25 април до 6 мај, за вториот круг од Претседателските избори, ТВ Шења не емитуваше ни интервју ни дебата меѓу проф. д-р Гордана Силјановска-Давкова и проф. д-р Стево Пендаровски.